# ХАРИЗМА

женско списание



јули-септ 2023

година 27

# СОДРЖИНА

4
СЕКОЕ УТРО

5
КАКО МЕ БЛАГОСЛОВИ БОГ ДЕНЕС?

6
БОГ Е ВЕРЕН

8
СЕПФОРА И ФУА - ЖЕНИ НА НАДЕЖ

11
САРА: МОЌТА НА ВЕРАТА

14
БЛАЖЕНИТЕ БОРБИ НА РОДИТЕЛСТВОТО

18
КОГА Е ВРЕМЕ ДА ПРЕСТАНЕМЕ ДА СЕ СОЖАЛУВАМЕ

22
БОЖЈАТА БЛАГОДАТ НИ ПОМАГА ДА КАЖЕМЕ „НЕ“

25
ФЕНЕЛОН ЗА ИСПОВЕДТА

27
БЕЛЕШКИ



Живеам ли
Богоугоден живот?

„И сè што правите,
правете го од душата,
како за Господ, а не за
луѓе“ Колосјани 3:23



# СЕКОЕ УТРО..

„Соопшти ми ја рано милоста Твоја, зашто во Тебе се надевам, Господи. Покажи ми го, Господи, патот по кој да одам, зашто кон Тебе ја издигам душата своја.“ Псалм 143:8

Секое утро потребно ни е водство од Бог во новиот ден.

Секое утро, предај му го денот на Бог, не биди во брзање.

Кажи Му на Бог да ги управува твоите мисли, да те води во она што го работиш и да ги ублажува твоите чувства.

Моли се и ти како псалмистот: „Научи ме да ја исполнувам волјата Твоја, зашто Ти си мојот Бог. Твојот благ дух нека ме води по прав пат!" (Псалм 143:10)

# КАКО МЕ БЛАГОСЛОВИ БОГ ДЕНЕС?

***„Само добрина и милост ќе ме придружуваат преку сите денови на мојот живот.“ Псалми 23:6а***

Една вечер ја видов сестра ми како пишува белешки во нејзиниот телефон. Љубопитна, ѕирнав што пишува. Тоа беше список на добри работи што ѝ се случија тој ден. Сестра ми ги броеше Божјите благослови еден по еден. Кога ја прашав зошто, таа одговори: „За да можам секогаш да Му бидам благодарна на Бог“.

Почнувајќи од јануари 2021 година, имав многу неволји - еден удар по друг. Бев под стрес и како резултат на тоа ми беше тешко да Му бидам благодарна на Бог. Потоа се сетив на примерот на сестра ми да ги избројам Божјите благослови. Така, секоја вечер се обидував да Му се заблагодарам на Бог за барем еден благослов. Отпрвин беше тешко. Би се запрашала, каков благослов добив денес?

Но, од ден на ден, сфатив дека Божјите благослови се изобилни. Повеќе не бев под стрес. Му се заблагодарив на Бог и се чувствував задоволна.

Во денешното читање на Светото писмо, Давид го слави Божјото присуство во својот живот. Иако се соочил со многу неволји, Давид знаел дека Божјата добрина е со него секој ден. Животот има многу неволји, но има и многу благослови. Можеме секогаш да Му благодариме на Бог.

Отвори ги нашите очи, Боже, за изобилните благослови што ни ги даваш секој ден од нашиот живот. Нека секогаш Ти се заблагодаруваме.

***Како ме благослови Бог денес?***

# Бог е верен

Кога мојата иднина изгледа неизвесна и не знам што да правам, многу ми помага да се сетам на три Божји ветувања кои ги наоѓам во Библијата.

## 1 ***Љубовта на Бог е непроменлива.***

Нашата работа, нашата позиција во општеството, нашите односи со луѓето се менуваат, но дури и сред промени и несигурност, Бог е со нас и нè сака секогаш.

## 2 ***Неговата заштита е безбедна.***

„Колку е скапоцена Твојата милост, О Боже! Луѓето се засолнуваат под сенката на Твоите крилја.“
Псалми 36:7 ни кажува дека Тој е нашето прибежиште. Колку и да нè нападне силно невреме, Тој ќе нè заштити и ќе остане со нас до крај. Секогаш можеме да сметаме на Бог.

3

***Можеме да бидеме сигурни дека Тој обезбедил сѐ.***

Исус ни рече да не се грижиме зашто нашиот небесен Татко знае што ни треба и ќе се грижи за нас (Матеј 6:31-33). Бог секогаш ги обезбедувал и ќе продолжи да ги обезбедува нашите физички и духовни потреби.

Иако животот е често тежок, Бог е верен во своите ветувања. Во околности што се менуваат толку често, можеме да бидеме сигурни дека Бог и Неговите ветувања нема да се променат.

Боже, Ти благодариме за Твоите ветувања. Помогни ни да не се одделуваме од Твоето присуство кога сме опкружени со несигурност.

***Дури и во мојата несигурност, Бог е верен.***





# Сепфора и Фуа

## - ЖЕНИ НА НАДЕЖ

- Целиот мој возрасен живот овие мои раце држат еврејски бебиња.
Кога Фуа и јас отидовме пред фараонот - плашејќи се за нашите животи, не очекував дека ќе си заминам жива, но не само што заминавме од кај него живи, туку и Бог нѐ благослови со наши семејства! Сето тоа е премногу за верување.
Му благодарам на Семоќниот Господ за Неговата верност и се молам верата на мојот народ да биде разгорена во светло на Неговите дела.

Сепфора е една од двете еврејски бабици за време на последните години на египетското ропство на Израел.

Две истомисленици по вера, Сепфора и Фуа, избираат да се плашат од Бог повеќе отколку од фараонот, кога тој им заповеда да го убијат секое машко бебе родено од Еврејки (Излез 1:16). Тие избираат да ја полагаат својата доверба во Бог наместо да му угодат на човек, предавајќи се на Божјите планови наместо на човечките.

Поробени повеќе од 400 години, генерациите на Израелците кои живееле во времето на бабиците, знаеле само за заробеништво. Суровоста на фараонот нема граници (1:11,14), така што нивниот страв од фараонот е основан - и тој е длабоко вкоренет.

Светото писмо ни кажува помалку за нивниот страв од Бог. Немаме запис дали Израелците слушале од Бог овие четири века, но сепак тие викаат за Неговото ослободување (3:7), со тоа покажувајќи дека останува елементот на вера во Господ Бог и покрај тишината, и покрај ропството.

Лесно е да се замисли колку би биле очајни овие еврејски робови, колку безнадежни за иднина која би изгледала сосем поинаку од она што тие веќе го знаеле - освен, доколку Бог не им испрати Спасител.

Во средината на очајничкиот опис за овие еврејски робови има препознатлива трошка надеж што укажува на Божјото присуство - „а синовите израелски се народија и се намножија, станаа многу, и се засилија многу, така што земјата се наполни со нив.“ Излез 1:7 – познатиот благослов од Битие 1:28. Со други зборови, Бог може да изгледа отсутен, но раката на Создателот никогаш не го напушта својот народ.

Без разлика дали се сами во својата вера или опкружени со народ кој тврдоглаво се држи до своето верување во Бог, овие две жени прават витален избор наспроти легитимниот терор. Нивниот избор да се плашат од Бог пред фараонот е пресвртница во ова вековно потчинување – зашто овој знак на „страв од Бог“ зрачи повеќе почит и стравопочит отколку страв.

Сѐ што треба да се каже е дека еврејските бабици се соочија со нивниот страв од фараонот преку вербата во Бог.
Ми се издвојува тоа дека оваа одлука да се оди против царот не беше еднократна. Изборот да се надмине стравот ги гледаше во лице Сепфора и Фуа секогаш кога една Еврејка ќе се породеше.

***Превод: Ребека Пенева***

Погледот нека ти биде вперен во вечноста.

„Добро се борев, патот го завршив, верата ја запазив.“ 2 Тимотеј 4:7





# САРА: МОЌТА НА ВЕРАТА

Кој би помислил дека на Сара, толку многу години после нејзиното биолошко време за раѓање, Бог натприродно ќе ѝ овозможи да зачне и да роди? Ова чудо ја покажува моќта на она што може да го направи верата. Сонот на Сара да има дете остана неостварен многу години. Но, Бог покажа дека возраста, неплодноста и земните околности не се ограничување за Него. И покрај сите овие фактори, Бог направи чудо.

Ќе се сетите како првиот одговор на Сара кога слушна дека Бог ќе го направи ова чудесно нешто, дури и во нејзината поодмината возраст, беше да се смее. „Мора да се шегуваш“, сигурно мислеше таа.

Но, Бог е полн со изненадувања - моќни изненадувања - зашто сака да ти дозволи да видиш дека Тој не е ограничен на нормалното, на вообичаеното. Не е ограничен на тоа што го велат лекарите или научниците. Ниту, пак, е ограничен со законите на биологијата. Тој го победува сето тоа, според Неговата волја. Тој ѝ вети на Сара дека ќе роди дете, но тајмингот ќе биде во Негови раце.

Единственото нешто што е во човечки раце е изборот да се чекори со вера - во светлината на она што го рекол Бог, дури и кога нештата изгледаат невозможни и нема знаци дека нешто ќе се случи. Сара мораше долго да чека откако го доби ветувањето за син. Тоа е така зашто нашето време не е Божјо време. Понекогаш одговорот ќе дојде веднаш. Понекогаш тоа може да вклучува кратко чекање. Но, во други случаи ќе биде потребно многу време за да се види исполнување. Можеби тоа е така зашто за исполнување на Божјото ветување прво е потребно нашето духовно созревање - да дојде моментот кога сме подготвени да ја примиме Неговата моќ и тогаш Бог да го изврши чудото што го очекуваме.



Убавата лекција што ја учиме од Сара е дека чекорењето со вера е толку моќно што го победува природниот поредок на нештата. Таа реалност треба да ти донесе радост и надеж, знаејќи дека она што го гледаш не е сè што постои. Сакам да се изразам вака: ако тоа што го гледаш е сè што гледаш, тогаш не го гледаш сето тоа што е таму за да се види. Бог може да се движи над и надвор од природниот свет, а Неговиот небесен поредок може да ги надмине ограничувањата што ги доживуваме овде на земјата.

Па така, да се живее со вера значи да се доживее духовното царство додека се движиш во физичкото. Ја доживуваш реалноста на невидениот Бог - и тоа дека Бог сака да направи нешто во твојот живот.

Сите ние доживуваме периоди на чекање во нашите животи. Што чекаш ти да се исполни? За Сара тоа беше дете. За тебе, тоа може да биде некој одложен сон. Може да биде исцелување на болка која трае многу подолго отколку што замислуваше. Тоа може да биде обновување на врската која станала скршена и изнемоштена. Сигурно има нешто што ти треба за Бог да го исполни во Неговиот натприроден суверенитет.

Добрата вест е дека Бог сака да ти ја покаже својата моќ. Тој не сака само да читаш, да размислуваш или да се молиш за тоа. Тој сака да ја доживееш таа моќ. И кога ќе го направиш тоа, повеќе нема да се прашуваш дали Бог е реален. Нема да го гледаш како некоја мистична идеја во далечна земја. Кога ќе ја искусиш моќта на верата, ќе можеш и самата да сведочиш за тоа како Бог го исполнил ветувањето што го дал за твојот живот.

***Тони Еванс***

# БЛАЖЕНИТЕ БОРБИ НА РОДИТЕЛСТВОТО



Можеби повеќе од кое било друго искуство, родителството носи огромен број конфликтни емоции. Исцрпеност и очекување. Страв и возбуда. Фрустрација и среќа. Солзи и смеа.

Тешко е да се опишат или да се разберат овие спротивности додека ги доживувате, бидејќи ретко имате слободен момент да размислувате за такви нешта. Речиси е невозможно да се размислува на длабоки животни лекции кога држите новороденче што плаче, го ставате за перење четвртиот товар алишта и го осеќате мирисот на претстојното менување пелени - само за да сфатите дека всушност, на вас ви треба малку внимание, бидејќи не сте се истуширале или не сте се пресоблекле долго време.

## Чувство како ниедно друго

Можеби изгледа банално да се каже, но родителите навистина се суперхерои. Давајќи живот на друг, ние се откажуваме малку од себе. Без разлика дали сме подготвени или не, се збогуваме со некои од нашите индивидуални слободи со цел целосно да се посветиме на овој скапоцен пакет на радост што ни го дал Бог. Штом го држиме тоа мало човече, нашите срца се шират, нашиот поглед на светот се менува и нашиот животен пат се пренасочува. Тоа е чувство како ниедно друго.

Но, како што се утврдуваме во секојдневната темелност на родителството, среќата често се меша со очајот, особено за оние од нас кои се борат со анксиозност. „Дали е нормално да плаче цела ноќ?“, „Зошто не јаде ништо друго освен јаглехидрати?“, „Зошто чувствува потреба да скокне од секој висок предмет на повидок?“, „Зошто не сака да носи панталони!?“

Често сум слушала дека родителството е „најтешкото, но најнаградувачкото искуство“, кое најчесто е придружено со класичниот совет: „Деновите се долги, но годините се кратки“. И двете се вистинити, но не најдов утеха во овие идиоми кога бев лишена од сон и се обидував да најдам доверба во себе како родител. Утехата дојде преку пресвртниците што го одбележаа напредокот - смеењето, пробните чекори, новите зборови и способности и појасен поглед на тоа која е всушност оваа мала личност. Кога ги видов овие знаци на раст, сфатив дека можеби правам нешто како што треба.



**Нема веќе, „Не, мамо!“**

Кога ќерка ми стана дете на училишна возраст, мирното и спокојно време полека најде место во мојот живот. Бидејќи како што поминуваше времето, дамките од плуканици беа заменети со дамки од трева и гласното: „Не, мамо!“ беше заменето со азбучната песна, конечно можев да се справам со подлабокото искуство на мајчинството.

Во мирните, тивки делови од времето, можев да се одморам доволно долго за да размислам за патувањето што го патував, релативно краток почеток до подолгиот пат пред нас. Сфатив дека моите молитви еволуираа од: „Господи, помогни ни да поминеме низ овој период“ во „Господи, ти благодарам за оваа сезона“ и дека мојата вера ме носеше секој ден.



Ниту еден родител ги нема сите одговори. Секој родител имал тешки моменти и ги доведувал во прашање своите способности додека се обидувал да се истакне во својот нов идентитет како мајка, татко или старател. Кога гледам наназад, гледам дека во секој предизвик имало некоја нова лекција. Во секој мрачен ден кога се прашував дали можам да бидам одлична мајка, светлината на Божјата љубов ме опкружуваше, често во форма на оброци кои ги испорачуваат членовите на нашата црква, насмевка од моето бебе и помош од членовите на семејството.

## Утешете се во Утешителот

Кога деновите ни се преполни, кога во нас се буди сомнежот во себеси, нашиот верен Бог е трпеливо покрај нас, нè држи за рака, нè охрабрува и нè бодри. Го гледаме Бог во ангелското лице на нашето (конечно!) заспано бебе, го чувствуваме во прегратката со лепливи раце, го слушаме во првото мрморење: „Те сакам“.

Можеби има денови кога се мачиме да веруваме во тоа, но нашиот Утешител и Создател нè доведува до секој момент бидејќи можеме да го направиме тоа, можеме да бидеме родител каков што му е потребен на нашето дете - и веќе сме тоа, зашто го сакаме, го негуваме и се посветуваме себеси на ова неверојатно дете што Бог ни го доверил на грижа.

***Лора Бјукенен***

# КОГА Е ВРЕМЕ ДА ПРЕСТАНЕМЕ ДА СЕ СОЖАЛУВАМЕ

Дали некогаш си била толку обесхрабрена што само сакаше да останеш во кревет и да ги повлечеш покривките над твојата глава? Можеби тоа е местото каде што си во моментов. И јас се криев под покривките еднаш или два пати. Добро, можеби повеќе од два пати. Така се чувствував претходниот Божиќ кога син ми и неговата сопруга не можеа да стигнат од Чикаго до Северна Каролина поради снежната бура.

Има една приказна во Библијата што ми помага кога се чувствувам потиштена.

Неколку години откако Израелците стигнаа до Ветената земја, им здосади да бидат управувани од Бог преку пророците. Сакаа да имаат крал како сите други народи.

Самоил беше владеечки пророк во тоа време, и тој им ги кажа на луѓето сите причини зошто е лоша идеја да се има крал. Но, тие истрајаа во своите барања и на крајот Бог им дозволи да изберат крал. „Тие не те отфрлаат тебе“, го увери Бог Самоил. „Тие Ме отфрлаат мене“.

Народот избра човек по име Саул зашто беше висок, темен и убав. Не се шегувам. Токму така е запишано. Саул неволно го прифати царството, беше помазан од Светиот Дух и целосно зависеше од Бог во неговата нова позиција.

Но, по некое време, Саул одлучи дека да се биде крал сепак не е толку тешко. Тој не го послуша и го обесчести Бог земајќи ги работите во свои раце. (Не е никогаш добра идеја, морам да додадам). Како резултат на тоа, Бог му го одзема царството на Саул и го отстрани неговото помазание.

Самоил беше толку обесхрабрен поради неуспехот на Саул што отиде во кревет и ги крена покривките над неговата глава. Тој беше разочаран од Саул и се сожалуваше.

Сега ова е важно. Да седев токму таму со тебе, ќе седнев на стол и ќе го прочитав овој дел на глас. Еден ден Бог рече: „До кога ќе патиш по Саул, кого Јас го отфрлив да не биде цар на Израел?“ (1. Самоилова 16:1а)

Ја сакам парафразата на Јуџин Петерсон: „Значи, колку долго ќе го сожалуваш Саул? Сожалуваш? Да. Тоа е добар збор.

***Бог вам и мене ни го поставува истото прашање: До кога ќе се самосожалуваш бидејќи животот не испаднал така како што си мислела?***

Не сакам да ги потценувам болните или тешки ситуации во твојот живот. И јас ги имав.

Но, еве што знам денес: колку и да се болни или обесхрабрувачки околностите во животот, Бог никогаш нема намера да заглавиш таму. Никогаш не треба да ставаш точка таму каде што Бог става запирка.





Секогаш има да се испише повеќе од твојата приказна. Кога ќе го олабавиш конецот што ја држи цврсто затворена корицата од твојата книга и ќе му дадеш одврзани раце на Бог да го продолжи наративот на твојот живот, нештата што окото не ги видело, и увото не ги слушнало и не влегле во умот на човекот, ќе бидат твои.

Бог продолжува да му вели на Самоил: „Понеси со себе масло и оди; Јас ќе те испратам кај витлеемецот Јесеј, зашто меѓу неговите синови си согледав цар.“ (1. Самоилова 16:1б).

Во одреден момент од нашето самосожалување, Бог доаѓа кај нас и ни вели: „Доста е веќе. Стани и тргни. Оди по твојот пат. Има нешто што треба да го направиш за мене. Твојот живот не е завршен. Приказната има уште поглавја за пишување. Ослободи се од обесхрабрувањето и прифати ја следната авантура што ја планирам за тебе“.

Самоил беше преплашен, но Бог го увери: „Јас ќе ти кажам што да правиш, и ти ќе Ми го помазаш оној, кого ќе ти го посочам.“ (1. Самоилова 16:3).

***„Јас ќе ти кажам што да правиш“. И тоа е се што Бог очекува од мене и од тебе - направи го првиот чекор на послушност. Стани и тргни. Тој ќе се погрижи за останатото.***

Ми се допаѓа следната реченица во приказната: „И Самоил направи, како што му кажа Господ“ (1. Самоил 16:4).

Ова е клучот за доживување на авантуристичкиот живот на јаката вера.. верата по која сите копнееме.

Па, што е со тебе? Дали си подготвена да станеш и да тргнеш?

Господи, ќе признаам, понекогаш се самосожалувам. Кога работите не излегуваат како што сакам, го менувам обликот на моето лице, ги спуштам рамената и ги влечам нозете. Никој не сака да биде околу мене кога сум таква. Не сакам ни јас да бидам околу мене кога сум таква. Денес носам одлука да не бидам потиштена. Кога животот нема да испадне како што се надевав, тоа ќе го гледам како твоја одредба или заштита. Јас верувам во твојот суверенитет за мојот живот, дури и кога не разбирам. Во Исусово име, Амин.

***Дали си подготвена да го направиш првиот чекор на вера за да продолжиш напред, иако можеби нема да ти се допадне? Ако е така, кажи си на себеси: „Ќе престанам да се сожалувам!“***

***Шерон Цејнс***

# БОЖЈАТА БЛАГОДАТ НИ ПОМАГА ДА КАЖЕМЕ „НЕ“

***„Бидејќи се јави Божјата благодат, спасителна за сите луѓе. Таа нè учи да ги отфрлиме нечесноста и похотите од овој свет, чесно, праведно и побожно да поживееме во овој век“ (Тит 2:11-12)***

„Само кажи не“ беше вообичаена фраза во 80-тите и 90-тите години, која стана популарна од кампањата во САД за намалување на употребата на дрога. Една од критиките на кампањата беше дека таа ги сведе огромните борби за надминување на зависноста на привлечна фраза. Како што сите знаеме, избегнувањето и надминувањето на зависноста може да биде доживотен предизвик за оние кои се борат со неа.

Тит 2:12 зборува за тоа да кажуваме „не“ на работи што не се од Бог и нè охрабрува да одржуваме самоконтрола и да живееме морален и свет живот. Сепак, сите знаеме дека тоа е полесно да се каже отколку да се направи, особено во сегашно време. Живееме во време кога „правилното“ се смета за застарено, нетолерантно и непопуларно, но „погрешното“ се смета за правилно, прифатливо и модерно. Како се кажува „не“ во општество кое погрешното го смета за правилно? Тит 2:11 им го дал одговорот на христијаните од тоа време и сè уште ни го дава одговорот денес - Божјата благодат.

Благодатта е незаслужена Божја наклонетост. Тоа не е нешто што можеме да го заработиме или што  го заслужуваме; тоа е Негов подарок за нас. Овие стихови ни кажуваат дека Божјата благодат е таа што ни дава спасение и нѐ тренира да живееме побожен живот. Така што, кога велиме „не“, тоа го правиме со сознание дека не доаѓа од нашата сопствена сила, туку од Божјата милост.

Една забелешка за овие стихови е контекстот каде се наоѓаат во Светото Писмо. Овие стихови се дел од поглавјето кое често се цитира за давање упатства за тоа како да се биде побожна жена, понекогаш наречена Жената Тит 2. Жената Тит 2 е побожна сопруга и мајка која ги тренира помладите жени да бидат исто такви. Да не го пропуштиме фактот дека иако е земена како пример, таа самата мора да биде внимателна да каже „не“. Поточно, Светото писмо наведува дека таа треба да избегнува клевети, озборувања или пијанства. (Тит 2:3) Таа мора секојдневно да се тренира себеси да биде доблесна, чиста, љубезна и да има самоконтрола. Како го прави сето ова? Заради милост.

На што треба да кажеш „не“ денес? Можеби на некоја навика или зависност. Можеби си ја прифатила дефиницијата на општеството дека нешто е правилно кога длабоко во себе знаеш дека е погрешно. Што и да е тоа, можеш да бидеш сигурна дека ја имаш способноста да кажеш „не“ преку милоста на семоќниот Бог. Со Него, „Само кажи не“ не е само привлечна фраза, туку критичка изјава за верата поткрепена со наклонетост.

***С.А Фостер***



Сатаната сака кога живееме во минатото или во иднината, кога правиме сѐ друго, освен да Му служиме на Господ со сѐ што имаме во моментов.





# Фенелон за исповедта:

„Кажи Му на Бог сè што ти лежи на срцето. Ако го направиш тоа, ќе доживееш олеснување. Кажи Му ги своите неволји за да те утеши. Кажи Му ги своите радости за да те отрезни, кажи Му ги твоите копнежи за да ги прочисти. Кажи Му што не ти се допаѓа за да ти даде начин да се справиш со тие нешта. Зборувај со Него за своите искушенија и побарај да те чува од нив. Покажи Му ги раните на срцето за да ги исцели. Зборувај со Него за твојата рамнодушност, за склоноста да правиш зло, за твојата духовна нестабилност. Кажи Му дека гордоста е проблем со кој често се соочуваш и кој му штети на твоето општење со другите.

Ако си отворена да разговараш со Бог за проблемите на твоето срце, секогаш ќе имаш што да кажеш пред Него, бидејќи овие гревови се секојдневна борба за секоја од нас. Како што секоја од нас има пријател пред кого може да биде отворена, така треба да бидеме отворени и кон нашиот Создател. Блажени се оние кои ќе изградат такво заедништво со Бог, бидејќи тие ќе го доживеат Неговото силно дејство кое води кон промена."

# БОЖЈИОТ ЗБОР НЕ Е ТОВАР ТУКУ ВОДАЧ



# Белешки



Списанието е достапно онлајн на www.emc.mk
Годишна претплата: 200 ден.

Издава: ЕМЦ во Македонија
Уредник: Невенка Гиневска
Дебарца 9, 1000 Скопје
+389 75 200 012 / literatura@emc.mk